**Прашањата за социјалниот пакет за припадниците на ОНА и за законот за употреба на албанскиот јазик се влечат веќе подолго време. Но, искуството покажа дека штом тие почнат да се решаваат, во државава се одржуваат некакви избори и нивното решение се остава за по изборниот циклус. Така беше и пред парламентарните избори во 2006 година, така е и сега.**

**Иако, според работните комисии (кои беа формирани за овие две прашања), за кои не се знае дали во иднина ќе бидат во истиот состав, решенијата ќе се бараат според постојните закони, сепак нема да се изненадиме доколку со новиот распоред на парламентарните сили се побараат нови законски решенија во корист на албанската заедница!**

## СО СОЦИЈАЛНИОТ ПАКЕТ ЗА О АЛБАНСКИОТ ЈАЗИК ЌЕ СЕ ЗА



НЕМА РАЗЛИКА ВО "МАЈСКИОТ" И ВО "МАРТОВСКИОТ" ДОГОВОР КОИ СЕ ПОСТИГНАТИ МЕЃУ ПРЕМИЕРОТ НИКОЛА ГРУЕВСКИ, АЛИ АХМЕТИ, МЕНДУХ ТАЧИ

# ПРВО И ПОСЛЕ НА РАБОТНИТ

Пишува: **Жаклина МИТЕВСКА**

Откако конечно беа формирани комисиите за социјалниот пакет за припадниците на ОНА и за законот за употреба на јазиците, како точки од т.н. "Мартовски договор" меѓу Тачи и Груевски, сега по распуштањето на законодавниот дом, нивната работа е ставена во мирување. Очигледно овие прашања, кои во изминатиов период беа камен на сопнување меѓу власта и опозицијата, повторно ќе бидат оставени за наредниот парламентарен состав, а сегашните самораспуштени пратеници ќе се пренасочат кон изборната кампања која, иако официјално треба да почне дваесет дена пред изборите, неофицијално веќе стартува.

Но, прашањето за кампањата не нè засега толку многу колку што всушност нè засега прашањето за новиот распоред на парламентарните сили, односно за новото парламентарно мнозинство, за чиј состав веќе одамна се шпекулира. Што ако во него влезат и ДУИ и ДПА? Ќе ги усогласат ли своите ставови за овие прашања, за кои патем речено и немаа некои посериозни разлики, само што глумеа пред јавноста и се препукуваа за некакви "Мајски" и "Мартовски" договори и се обидуваа да го фатат во теснец премиерот Груевски, па така обединети, како приоритет на новиот законодавен дом, да ги наметнат токму нив. Ако е така, тогаш очигледно целта ги оправдала средствата.

Иако, според работните комисии (кои беа формирани за овие две прашања), за кои не се знае дали во иднина ќе бидат во истиот состав, решенијата ќе се бараат според постојните закони, сепак нема да се изненадиме доколку со новиот распоред на парламентарните сили се побараат нови законски решенија во корист на албанската заедница!

Всушност, ние сè уште не знаеме што точно се договориле Груевски, Тачи и Ахмети? Или, поконкретно, сè уште целосно не ни е познат списокот на оние 46 закони за кои дискутираа Груевски и Ахмети, а кои требаше да се донесат по Бадентерово правило. На почетокот се тврдеше дека било донесено решение само за компонирање на Комитетот за односи меѓу заедниците, подоцна произлезе и информација дека како една од точките на тој т.н. "Мајски договор" било и наоѓањето решение за материјално и социјално згрижување на припадниците на ОНА и подготвување и доставување до Собранието закон за употреба на јазиците согласно охридскиот Рамковен договор и петтиот амандман на Уставот на РМ. Барем така тврдеа припадниците на ДУИ. Груевски не се согласуваше со ваквото тврдење, за подоцна од ВМРО-ДПМНЕ да кажат дека овие прашања ќе се решаваат со постојните закони.

## ЖРТВИ

Комисијата за решавање на прашањето за ОНА беше формирана откако низ собраниските комисии помина иницијативата на здружението на безбедносните сили "Достоинство" за нов Закон за учесниците во конфликтот 2001 г. Но, не мина без забелешка од ДУИ. Интегративците се согласуваа за поголеми права на безбедносните сили, но не сакаа да останат покуси, па побараа истите да им се дадат и на припадниците на ОНА. Всушност, за безбедносните сили ваков Закон веќе беше донесен во 2002 година, меѓутоа практично тие не добија ништо, зашто државата за нив немаше слух. Ваквото законско решение за нив е оправдано, меѓутоа се наметнува дилемата зошто членовите на претходно спомнатата Комисија не употребија термин борци на ОНА, туку жртви? Јавноста се прашува дали на тој начин се сака во ист кош да се стават онанистите и македонските безбедносни сили. Навистина, жртвите се жртви и не би смееле да се делат по етничка или по било каква основа, но ако се има предвид тоа што

# НА И СО ЗАКОНОТ ЗА УПОТРЕБА НА
# НИМАВААТ ИДНИТЕ ПАРЛАМЕНТАРЦИ?

# ДНО РАНДЕВУ
# Е КОМИСИИ

тие настрадаа затоа што ги кренаа пушките против уставниот и државниот поредок на Република Македонија, тогаш навистина ова прашање треба да се разгледува од поинаков аспект.

"Се согласивме дека жртвите на конфликтот не треба да ги делиме ниту по етничка, ниту по верска основа и дека конечно треба што побрзо да го решиме ова прашање, да го оставиме минатото зад нас, за да можеме да гледаме сите во иднината и дека тоа не е прашање кое е интерес само на ВМРО-ДПМНЕ, на ДПА и на ДУИ, туку тоа е прашање на сите политички партии во Република Македонија", изјави Силвана Бонева, ВМРО-ДПМНЕ.

Но, како можеме да го заборавиме минатото и да заборавиме што ни се случи во 2001 година? Или, со други зборови, ако сите жртви на војната се исти, тогаш треба да се отвори и прашањето за семејствата на киднапираните Македонци, за жртвите во "Бриони" итн.

Имер Селмани вели:

"Ние зборуваме за практични мерки за жртвите од конфликтот, без разлика дали тие се загинати, членови на загинати семејства, инвалиди, дали тоа се сираци од 2001 година. На добар пат сме да најдеме соодветно решение, кое ќе биде прагматично и практично решение".

Какво би било тоа практично решение и дали на секој кој ќе крене оружје против државата ќе му се даваат пензии и привилегии?

Сепак, решението за ова прашање не е на повидок. По распуштањето на законодавниот дом очигледно работата се враќа на почеток, па наместо "пролетните" договори никој не може да предвиди што натаму ќе се случува и какви сѐ други договори ќе се потпишуваат меѓу идните парламентарци.

## ЈАЗИКОТ

Со закажувањето на вонредните парламентарни избори се стопираше и работата на втората работна група меѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДПА, која требаше да го решава прашањето за јазикот.

Претходно, Бесим Догани од ДПА, изјави:

"Решение на овој проблем ќе бараме во постојниот Устав, каде албанскиот јазик е службен", при што потенцира дека ниту неговата партија, ниту ВМРО-ДПМНЕ не се виновни затоа што ова прашање сѐ уште не е решено.

Коце Трајановски истакнува:

"Ова е прва средба на работната група. Разлики постојат околу ова прашање, меѓутоа решението ќе се бара, ако воопшто постои, во рамките на Уставот и на Рамковниот договор".

Како што се одвиваа работите во законодавниот дом по сѐ изгледа оваа средба не само што беше прва, туку е и последна, барем до одржувањето на предвремените избори. Што ќе се случува не може однапред да се предвиди, зашто нештата се менуваат од секунда во секунда.

Како што е познато, прашањата за социјалниот пакет за припадниците на ОНА и за законот за употреба на албанскиот јазик, се влечат подолго време. Но, искуството покажа дека штом тие ќе почнат да се решаваат, во државава се одржуваат некакви избори и нивното решение се остава за по изборниот циклус. Така беше и пред парламентарните избори во 2006 година, така е и сега.

За потсетување, кога ДУИ беше на власт ангажираше свои експерти од Белгија и од Швајцарија за да утврдуваат дали во законите целосно е применет амандманот 5 од Уставот, односно точките 6.4 и 6.5 од Рамковниот договор, кој се однесуваше на употребата на јазикот, кој го зборуваат најмалку 20 отсто од граѓаните. Експертите процениja дека амандманот 5 од Уставот не подразбира употреба на албанскиот јазик во Собранието, Владата, полицијата итн. и дека тие барања на ДУИ се многу поишроки од тоа што е содржано во Рамковниот договор и во Уставот. Тоа го тврдеа и наши експерти, додека странските сугерираа дека ако инсистираат на целосна двојазичност во државата ќе треба да иницираат измени на Уставот. Затоа и тоа прашање го оставија по тогашните парламентарни избори, со образложение дека законот за јазиците не е приоритет на таа Влада. Во позиција на опозиција ДУИ и Груевски го составија т.н. "Мајски договор" и го условија враќањето во Собранието со албанскиот јазик и со пензиите за припадниците на ОНА.

Но, и во отсуство на тој закон пратениците Албанци имаат право на пленарните собраниски седници да зборуваат на албански јазик, а со собранискиот Деловник, кој сѐ уште не е донесен, се предвидува и со комисиите на собраниските тела да се претседава на албански јазик. Освен тоа, во единиците на локалната самоуправа каде албанската заедница е во мнозинство, албанскиот јазик е службен. Во отсуство на решението за употреба на јазикот може само да се шпекулира со неговите одредби и дали тоа би значело двојазичност на ниво на цела држава. Работната комисија, составена од ВМРО-ДПМНЕ и ДПА, тврдеше дека за јазикот ќе се бара решение во постојниот Устав, но дали ДУИ ќе се согласи со такво нешто, доколку дојде на власт.



